**Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје**
***Е-пошта: institute@ima.mk, веб: www.ima.mk***

**Здружение на граѓани ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ И АНАЛИТИКА ИМА Скопје**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

## I. Основање на организацијата и организациски развој

Здружението на граѓани ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ И АНАЛИТИКА ИМА Скопје (во понатамошниот текст ИМА) е невладино и непартиско здружение на граѓани, основано во 2022 година.

ИМА се залага за унапредување на демократијата и владеењето на правото, унапредување на човековите права во јавните комуникации, развој на критичкото мислење и дебатирање во медиумите, промовирање на медиумска писменост и етичко новинарство, намалување на штетите од говорот на омраза, дискриминаторскиот говор и дезинформациите во медиумите, промовирање на културен плурализам во медиумите и општеството, и подобрување на професионалните стандарди во медиумскиот мониторинг и анализата на медиумите.

Основачкото собрание на ИМА се одржа на 21.04.2022 година во Скопје. Основачи на ИМА се Петрит Сарачини (претседател на ИМА), Жарко Трајаноски (претседател на Управен одбор), Билјана Михајловска (член), Јане Стефанов (член), Никола Наумоски (член), Слаѓан Пенев (член). На основачкото Собрание беше донесен Акт за основање на организацијата, беше усвоен Статутот на организацијата, беа усвоени целите и програмата на организацијата, а беа избрани и претседателот на организацијата, претседателот на Управниот одбор и неговите членови.

По основањето на ИМА, беа подготвени потребните документи за официјалната регистрација на организацијата, која беше регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 12.05.2022 година.

По основањето и регистрацијата на организацијата, ИМА пристапи кон спроведување на активности насочени кон етаблирање на организацијата и нејзин развој.

Овие активности вклучуваа развивање на проекти и аплицирање на конкурси за доделување на грантови, развој на медиумските платформи на ИМА, воспоставување на соработка со автори, експерти и интензивна медиумска продукција на авторски текстови, медиумски анализи, извештаи и публикации, воспоставување на контакти и соработка со државни институции, медиуми и организации кои работат во сферата во којашто работи ИМА, организација на јавни настани како и учество на јавни настани на други ентитети кои се поврзани со работата и мисијата на ИМА.

## II. Проекти

### 1. Проект за основање и основни активности на Институтот за медиуми и аналитика ИМА

Во јуни 2022 година, ИМА започна со спроведување на 18-месечен проект (01 јуни 2022 - 30 ноември 2023 година) финансиран со грант на Европската фондација за демократија (ЕЕД) од Брисел. Грантот има за цел да го поддржи формирањето на Институтот за медиуми и аналитика ИМА и производството на квалитетни медиумски содржини, истовремено ангажирајќи се во унапредување на слободата на медиумите.

ИМА во 2022 година постигна значителен успех во спроведувањето на активностите предвидени со оваа иницијатива, кои беа насочени кон формирање на тим на надворешни автори и производство на висококвалитетни анализи, градење и лансирање на веб-страници, профили и страници на ИМА на социјалните мрежи, производство на медиумска содржина и промовирање на ИМА во јавноста, како и на изработка на првата квартална публикација-извештај и организирање на првиот промотивен настан. ИМА работеше и на градење партнерства со други медиуми, граѓански организации и воспоставување контакти и соработка со релевантни државни институции.

Тимот на надворешни автори со кои соработуваше ИМА во 2022 година вклучува истакнати автори, медиумски уредници и експерти во областите поврзани со целите и мисијата на ИМА, како д-р Елена Михајлова – Стратилати, д-р Мирјана Малеска, д-р Сефер Тахири, Атанас Кировски, Зоран Бојаровски, д-р Катерина Колозова, м-р Билјана Михајловска, Арта Тахири-Љатифи, Слаѓан Пенев, Арѓира Елмази, Мартин Тасевски и други. Тие, заедно со тимот на ИМА, продуцираа висококвалитетни содржини, вклучувајќи медиумски анализи, аналитички написи, колумни, мислења и реакции во јавноста, кои беа објавени на медиумските платформи на ИМА, но и на други влијателни медиуми во Северна Македонија на македонски и албански јазик.

Во овој период, ИМА ја промовираше својата веб-страница www.ima.mk, која објавува содржини произведени од ИМА и нејзините надворешни автори на македонски, албански и англиски јазик. ИМА го креираше и блог-порталот www.smk.mk на македонски јазик, на кој освен содржините на ИМА се објавуваат и вести, извештаи, колумни и анализи од други автори, медиуми и организации со кои соработува ИМА.

Во текот на 2022 година, на веб-страницата на ИМА беа објавени над 300 содржини (написи, колумни, анализи и други медиумски содржини). Во овој период на блог-порталот smk.mk беа објавени над 800 содржини. Повеќе од 120 медиумски содржини произведени од ИМА беа објавени од над 20 други мејнстрим и онлајн медиуми на македонски и албански јазик.

Во септември 2022 година, ИМА го објави својот прв квартален извештај и публикација: „„Францускиот предлог“: Говор на омраза, дезинформации, медиумски манипулации (медиумски анализи)“. Промоцијата на публикацијата се одржа на 30 септември 2022 година во Скопје. Настанот вклучуваше панел дискусија со авторите на публикацијата, д-р Катерина Колозова, д-р Сефер Тахири, Зоран Бојаровски, Жарко Трајаноски и Петрит Сарачини. Овој настан, на кој присуствуваа околу 30 учесници, меѓу кои претставници на институции, истакнати медиумски уредници и активисти на граѓански организации, имаше значителна покриеност во медиумите,

вклучително и прилози во вестите на три национални ТВ станици (Канал5, Телма, Алсат), пренос во живо на ФБ страницата на националната агенција МИА и објави на повеќе влијателни портали.

### 2. Проект - ТВ емисија за разоткривање дезинформации и неточни вести

Во септември 2022 година, ИМА потпиша договор за мал грант со Амбасадата на САД во Северна Македонија за реализација на 9-месечен проект (септември 2022 – мај 2023 година) за продукција и емитување на 24 епизоди на неделната ТВ емисија „Полиграф“ за разоткривање дезинформации и неточни вести.

Проектот се спроведува во соработка со ТВ Алсат, согласно потпишаниот меморандум за соработка меѓу ИМА и Алсат. Емисијата, во времетраење од 10-тина минути, се состои од 3 стории во кои се разоткриваат дезинформации, неточни вести или теории на заговор објавувани во медиумите во Северна Македонија и/или ширени вирално на социјалните мрежи.

Спроведувањето на овој проект започна во септември 2022 година со реализација на предпродукциски и промотивни активности. Емисијата започна да се емитува на 10 октомври 2022 година. До крајот на 2022 година, беа емитувани 12 од предвидените 24 епизоди на проектот, во ударен термин – секој понеделник во 19:45 часот, веднаш по главните вести на ТВ Алсат, а репризите беа емитувани секој четврток во рамките на утринската програма на ТВ Алсат.

Во овој период, „Полиграф“ се рангираше меѓу првите три најуспешни емисии на ТВ Алсат, со просек од околу 80.000 гледачи по емисија (околу 1.000.000 гледачи за 12 емитувани емисии), што е доказ за успешноста на проектот и покажува дека мејнстрим публиката е заинтересирана за разоткривање на дезинформациите.

Покрај ова, околу 40 стории на „Полиграф“ беа преобјавени од 15-тина популарни портали на македонски и на албански јазик.

## III. <u>Соработка со медиуми и граѓански организации</u>

Во јуни 2022 година, ИМА потпиша Меморандум за соработка со националната ТВ станица Алсат М, која се рангира меѓу првите 3 ТВ станици во земјата. Заедно со Алсат, ИМА разви проект за ТВ емисија за разоткривање дезинформации, за кој доби грант од Амбасадата на САД во Скопје. Имплементацијата на овој проект започна на 1 септември 2022 година.

Во август 2022 година, ИМА потпиша Меморандум за соработка со Скопскиот Квир Центар, граѓанска организација што работи во областа на заштитата на правата на сексуалните малцинства. ИМА изработи стории кои ги промовираат случаите што оваа организација ги покрена пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и го поддржа Квир центарот за претставување на нивните резултати и активности во јавноста.

ИМА имаше средби и со други угледни граѓански организации кои работат во областа на медиумите и справување со дезинформациите, како што се Фондацијата Метаморфозис и Цивил Центарот за слобода, и воспостави првична соработка за размена на медиумски содржини со медиумските платформи на овие организации.

На покана на Фондацијата Метаморфозис, ИМА стана дел од иницијативната група на граѓански организации кои неколку месеци работеа на изработка на документ со препораки како основа за заедничко општествено дејствување за решавање на проблемот со дезинформациите. Освен „Метаморфозис“, во подготовката на документот и неколкуте консултативни средби во 2022 година учествуваа и Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ), Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), НВО Инфоцентар, Центар за развој на медиуми (ЦРМ) , Граѓанска асоцијација МОСТ и други организации.

Во декември 2022 година, ИМА потпиша договор за соработка со проектот „Зајакнување на прогресивните и продемократските дигитални медиуми во Северна Македонија (Промовирање на демократијата и спротивставување на националистичката пропаганда)“, финансиран од Фондацијата за демократија и плурализам од Шведска, а имплементиран од ЦИВИЛ – Центар за Слобода. Проектот обезбедува финансиска и техничка поддршка за мрежа на македонски онлајн медиуми кои ги поддржуваат евроатлантските интеграции на земјата, спротивставувајќи се на национализмот, антизападната и антидемократската пропаганда и дезинформации, промовирајќи европски вредности, толеранција, солидарност, антидискриминација и критичко размислување. Проектот вклучува објавување и размена на содржини помеѓу членовите на мрежата.

Во ноември и декември 2022 година, како дел од партнерскиот конзорциум предводен од Институтот за општествени и хуманистички науки (ИССХС) во кој учествуваат и Здружението на граѓани за ретки болести „Живот со Предизвици“ и Балканскиот центар за регионална соработка, ИМА учествуваше во развивање на 10-месечниот проект: „Преку деполаризација до демократски, стабилни и инклузивни институции: Придонесот на граѓанското општество“, за што беше поднесена апликација за Акциски грант на конкурс на ЦИВИКА Мобилитас. Цел на проектот е критички и информиран дијалог, следење, анализа и застапување на политики кои ќе придонесат за зајакнување на капацитетите на извршната власт за градење демократски и инклузивни институции. Проектот беше одобрен од донаторот, а спроведувањето започнува во јануари 2023.

## IV. Соработка со институции

Во септември 2022, ИМА доби покана од националниот координатор во Владата на Северна Македонија одговорен за имплементација на Стратегијата за едно општество и интеркултурализам, да учествува во Мрежата на граѓански организации кои ќе ги оценуваат резултатите од Стратегијата за периодот 2020-2022 година, како и да учествува во активностите за новиот циклус на Стратегијата за следните три години. Во рамки на овој процес, се одржа работилница во Маврово на 6-7 декември 2022 година, со цел да се дефинираат предлози за новиот циклус на Стратегијата за следните три години. ИМА го даде својот придонес во кластерот на Стратегијата за медиуми, кој вклучува активности за медиумска писменост и справување со говорот на омраза.

ИМА доби покана и од Министерството за информатичко општество и администрација да учествува во процесот на дефинирање/креирање суштински законски одредби, како дел од активностите на проектот за усогласување на националното законодавство за медиуми со законодавството на ЕУ и стандардите за медиуми, кој е финансиран од ИПА - Механизам за поддршка на европската интеграција (ЕУИФ). Претставници на ИМА учествуваа на јавни расправи и консултации организирани како дел од овој процес.

## V. Учество на јавни настани: конференции, дебати, јавни расправи, работилници

Од формирањето на организацијата во мај 2022 година до декември 2022 година, претставници на ИМА учествуваа на неколку регионални конференции од областа на медиумите, главно на настани чија тема беше справување со дезинформации. Овие настани беа искористени за промоција на работата на ИМА, воспоставување нови контакти и барање можности за соработка со други организации.

- На 31 мај 2022 во Скопје, претседателот на ИМА Петрит Сарачини и раководителот на истражувања Жарко Трајаноски учествуваа на конференцијата „Справување со дезинформации во Република Северна Македонија" организирана од Фондацијата Метаморфозис.
- На 10-11 ноември 2022 година, претседателот на ИМА Петрит Сарачини учествуваше на „Медиумската конференција на ЕУ за Западен Балкан" во Тирана, Албанија.
- На 22-24 ноември 2022 година, Сарачини учествуваше на конференцијата „Зајакнување на општествената отпорност и борба против дезинформациите извршени од странство во 6 земји од Западен Балкан", организирана од словенечкиот Центар за европска перспектива во Блед, Словенија.
- Сарачини беше и панелист на Регионалната конференција „Странските влијанија врз демократските процеси во земјите од Западен Балкан", организирана од Институтот за социјалдемократија Прогрес, во Скопје на 25-26 ноември 2022 година;

## VI. Донатори и партнери

Донатори на проекти со кои се остваруваа активностите на ИМА во овој период се Европскиот фонд за демократија од Брисел (European Endowment for Democracy - EED), и Американската амбасада во Северна Македонија.

Преку меморандуми за соработка, договори за соработка и заеднички проекти, ИМА остварува и партнерство и соработка со повеќе медиуми и граѓански организации, како што се ТВ Алсат, Цивил – Центар за слобода, Институтот за општествени и хуманистички науки (ИССХС), Здружението на граѓани за ретки болести „Живот со Предизвици", Балканскиот центар за регионална соработка, Скопскиот Квир центар.

Воедно, ИМА соработува и учествува во заедничкиот процес за општествено дејствување за справување против дезинформациите со Фондацијата Метаморфозис и други медиумски организации.

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ И АНАЛИТИКА ИМА СКОПЈЕ**
**01.01.2022-31.12.2022**

## А: БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

### I: Приходи

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од донации | |
| 2 | Приходи од проекти грантови | 2987816 |
| 3 | Приходи од продажба на нетековни средства | |
| 4 | Пренесен вишок од минатата година | |
| | **Вкупни приходи:** | 2987816 |

### II: Трошоци

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци за ЦРМ и банкарска провизија | 12141 |
| 2 | Негативни курсни разлики | |
| 3 | Трошоци за потрошени канцелариски и др. материјали | |
| 4 | Трошоци за потрошена вода | |
| 5 | Трошоци за потрошена електрична и топлинска енергија | |
| 6 | Трошоци за гориво | 32046 |
| 7 | Трошоци за ПТТ, интернет услуги | 5150 |
| 8 | Трошоци за Фб промоции и објави | 23010 |
| 9 | Трошоци за продукција | 284246 |
| 10 | Трошоци за обуки | |
| 11 | Трошоци за изнајмување на простор | 5720 |
| 12 | Патни трошоци за проектни активности | |
| 13 | Трошоци за такси превоз | |
| 14 | Трошоци за бруто плати | |
| 15 | Трошоци за услуги по договор за дело | |
| 16 | Трошоци за авторски хонорари | 1247671 |
| 17 | Трошоци за сметководствени услуги | 42980 |
| 18 | Услуги од соработници | 11395 |
| 19 | Трошоци за вработените (Здравствени услуги и сл.) | |
| 20 | Останати расходи-репрезент | 2510 |
| 21 | Трошоци за Ревизија | |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Пренесени средства на партнерски организации | |
| 23 | Трошоци за капитални средства | |
| 24 | Трошоци за даноци, задржан данок на добивка | |
| **Вкупни трошоци** | | 1666869 |

| | |
|---|---|
| **Наменски средства за 2022 година** | 1320977 |

**Биланс на состојба на 31.12.2022 година**

| **I: Средства** | | |
|---|---|---|
| 1 | Основни средства | |
| 2 | Денарска сметка | 395945 |
| 3 | Други парични средства | 925032 |
| 4 | Побарувања за аванси | |
| 5 | Побарувања за уплата на донација | |
| 6 | Побарувања од претплата на данок на личен доход | |
| 7 | Депозит за наемнина | |
| 8 | Пресметани трошоци (АВР) | |
| **Вкупни средства:** | | 1320977 |

| **II: Обврски** | | |
|---|---|---|
| 1 | Обврски кон добавувачи | |
| 2 | Други краткорочни обврски | |
| 3 | Обврски за даноци | |
| 4 | Обврски за краткорочни заеми | |
| 5 | Обврски за плати и продонеси | |
| 6 | Наменски средства за 2022 година | 1320977 |
| 7 | Деловен фонд | |
| | **Вкупно обврски:** | 1320977 |